Уп. бр.08-153

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. (KKCG Real Estate Group, a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 866/71, Воковице, 160 00, Прага 6, Чешка Република и Рокавеј Гроуп а.с. (Rockaway Group a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 08.11.2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. (KKCG Real Estate Group, a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 866/71, Воковице, 160 00, Прага 6, Чешка Република, и Рокавеј Гроуп а.с. (Rockaway Group a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, ќе формираат целосно функционално заедничко вложување кое ќе биде активно во областа на услугите поврзани со недвижности во определени држави од Европската Унија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 17.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. (KKCG Real Estate Group, a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 866/71, Воковице, 160 00, Прага 6, Чешка Република и Рокавеј Гроуп а.с. (Rockaway Group a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, со која ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. Чешка Република и Рокавеј Гроуп а.с. Чешка Република, ќе формираат целосно функционално заедничко вложување. Намерата

на учесниците е да создадат 50-50 заедничко вложување, кое ќе биде активно во областа на услугите поврзани со недвижности во определени држави од Европската Унија. Според намерата на учесниците, заедничкото вложување би било поделено на два функционални блокови. Предвидено е првиот блок да се фокусира на развој на индустриски објекти (“Индустриски блок”), а вториот блок да се фокусира на развој на резиденцијални и канцелариски објекти (“Резиденцијален и канцелариски блок“).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. е друштво кое припаѓа на ККЦГ Групацијата, која е приватна инвестициска групација со над 6.000 вработени присутна во 18 држави, и примарно е активна во следните области: нафта и гас, инженерство, игри и забава, технологија, информатички технологии и недвижности. ККЦГ Реал Естате Гроуп, а.с. е основано во 2012 година со цел обезбедување на ефективен менаџмент на проектите од областа на недвижностите на ККЦГ Групацијата. Неговите основни активности се развивање на проекти за резиденцијални и канцелариски недвижности, како и управување со објекти.

Во Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна примарно на пазарот на оперирање со терминали за видеолотарија, преку следните друштва:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ, со седиште на Булевар Киро Глигоров бр.2, Скопје – Гази Баба и предмет дејности на коцкање и обложување

- Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со седиште на Булевар Киро Глигоров бр.2, Скопје – Гази Баба и предмет дејности на коцкање и обложување.

Дополнително, ККЦГ Групацијата има одредени активности во Северна Македонија и преку контрола на Сеавус Групацијата и Мусала Групацијата. Во Северна Македонија, Сеавус Групацијата ги има следните друштва:

- СЕАВУС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.33а / Центар 1, Скопје - Центар, и дејност компјутерско програмирање

- СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.33а / Центар 1, Скопје - Центар, и дејност друго образование, неспомнато на друго место.

Зависно друштво на Мусала Групацијата во Северна Македонија е Друштвото за производство, трговија и услуги МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.

Филип Втори Македонски бр.3-кат4/канц. 4003, Скопје и дејност компјутерско програмирање.

Рокавеј Гроуп а.с е холдинг акционерско друштво основано во Чешката Република и самостојно контролирано од г-н Јакуб Хаврлант, преку кое г-н Хаврлант остварува контрола над Рокавеј Групација. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички услуги, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.

Во Северна Македонија, Рокавеј Групацијата е присутна преку следното друштво:

- ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје со седиште на Јадранска магистрала бр.86 Скопје - Карпош, Карпош и дејност: трговија на мало преку пошта и интернет.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**